КСЗД
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

# Извештај за работењето на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација за периодот јануари – март 2022

**Март 2022**

# Содржина

**1.ВОВЕД ........................................................................................................... 3-4**

**2.ПОСТАВЕНОСТ, ОСТВАРУВАЊЕ НА ЗАКОНСКИ НАДЛЕЖНСТИ И СОСТАВ НА КСЗД ......5-19**

2.1. Поставеност и Состав на Комисијата.........................................................................5-6

2.2. Седници на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација................6

2.3. Постапување по претставки, давање на мислења и препораки за конкретни случаи на дискриминација.................................................................................................7-15

2.4. Постапки по службена должност..............................................................................15-19

3. **СОРАБОТКА СО ОРГАНИ НАДЛЕЖНИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ЕДНАКВОСТА И ЗАШТИТАТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА НА ЛОКАЛНО, НАЦИОНАЛНО И МЕЃУНАРОДНО НИВО**...........................................................................................................20-26

3.1. Меморандуми за соработка....................................................................................20-22

3.2.Соработка и состаноци со релевантни институции, граѓански и меѓународни организации.................................................................................................................22-26

3.2.1.Средби и состаноци...................................................................................................22-23

3.2.2. Проекти.......................................................................................................................24-25

3.2.3. Соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје.............................................................25

3.2.4. Соработка со граѓански организации..... .......................................................................26

3.3. Учество на КСЗД на настани, обуки, конференции...................................................26

4. **ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАКРАКТЕР..............................................................................27**

**5. ВИДЛИВОСТ НА КСЗД..........................................................................................................27-28**

5.1. Присуство на КСЗД во медиумите........................................................................27-28

5.2.Соопштенија до јавност.................................................................................................28

6. **БУЏЕТСКА СОСТОЈБА И ЈАВНИ НАБАВКИ_....................................................................29**

**ВОВЕД**

Почитувани читатели,

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) во вршењето на својот мандат, а во согласност со член 21 точка 20 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (ЗСЗД), е должна да изготви Квартален извештај за работата и да ја информира јавноста за моменталната ситуација.

Затоа, пред вас е третиот квартален извештај на КСЗД кој го опфаќа периодот на работа од 1 јануари до 31 март 2022 година. Преку овој извештај ве информираме дека зад КСЗД останува уште еден период на интензивна работа и активно делување на превенцијата и заштитата од дискриминација, како и унапредувањето на еднаквоста согласно мандатот и надлежностите што и се доверени со ЗСЗД.

Како кратка статистичка информација, во текот на првиот квартал од 2022 година, до КСЗД се доставени вкупно 57 претставки од кои 46 претставки се решени до моментот на изготвувањето на овој извештај. Само за споредба, минатата година во истиот квартал, до КСЗД беа пристигнати 37 претставки. Ваквиот раст укажува на фактот дека, КСЗД станува се повидлива, а со тоа ја зголемува и довербата меѓу граѓаните. Видливоста и враќањето на довербата во институцијата се приоритетни стратешки цели на КСЗД.

КСЗД во изминатиот квартал не работеше само на постапување по претставки туку, со цел да се постигнат стратешките цели, туку континуирано работеше и на јакнењето на капацитетите на членовите и административната служба преку разни обуки од домашни и меѓународни организации, склучување на меморандуми за соработка и подобрување на меѓу институционалната соработка, зголемување на видливоста преку учество на ТВ емисии, настани, информирање на граѓаните за надлежностите и овластувањата, итн.

Во последниот квартал, КСЗД се екипираше со дополнителни два административни службеника кои се од суштинско значење за ефикасна работа. Екипирањето на стручната служба се покажа како бавен и комплициран процес. Она на што КСЗД се надева е дека, наскоро ќе профункционира Парламентарната комисијата за Избори и именувања и дека ќе се избере и седмиот член на Комисијата.

На крајот, сумирајќи ги бројните активности преземени во првиот квартал од оваа година и презентирани во овој извештај, сакаме да ја информираме јавноста дека КСЗД продолжува со својот проактивен пристап, верувајќи дека на тој начин институцијата ќе придонесе за понатамошно унапредување на општеството засновано на владеењето на правото, човековите права и почитувањето на различностите.

Со почит,

Кире Василев

Претседател на Комисијата
за спречување и заштита од
дискриминација

## ПОСТАВЕНОСТ, ОСТВАРУВАЊЕ НА ЗАКОНСКИ НАДЛЕЖНОСТИ И СОСТАВ НА КОМИСИЈАТА

### Поставеност и состав на Комисијата

Моменталниот состав на Комисијата се состои од 6 члена, од кои 5 се мажи и една жена. Етничката застапеност на членовите на Комисијата го одразува мултиетничкиот карактер на РС Македонија. До моментот на пишување на овој извештај, седмиот член на Комисијата не е избран. Изборот на седмиот член е од императивна важност во насока на придонес кон непречена работа на ова тело и зголемување на функционалноста и оперативноста на Комисијата.

На почетокот на првиот квартал од 2022 година, стручната служба на Комисијата се состоеше од 12 вработени административни службеници, кои што во 2021 година, беа преземени од други институции врз основ на Законот за вработени во јавниот сектор, со што се обезбеди минималната потреба од техничка и стручна поддршка на членовите и се зголеми ефикасноста во работата на Комисијата. Во јануари 2022 година, Комисијата започна процедура за преземање на уште два административни службеници во областа на јавни набавки и односи со јавност за административно-техничка поддршка на Комисијата. Кон крајот на првиот квартал, процедурата за преземање е завршена, со што бројот на вработени во стручната служба се зголеми за уште двајца административни службеници преземени од Министерството за култура и во моментов, вкупниот број на вработени во Комисијата е 14 административни службеници.

Со цел, јакнење на административно-техничката поддршка, Комисијата објави јавен повик за изразување на интерес за трајно преземање на вработени од други институции преку мобилност со трајно превземање. Јавниот повик е насочен кон вработените во јавниот сектор кои би имале интерес и желба да работат во Комисијата, а кои согласно чл. 44 од Закон за вработените во јавниот сектор, ќе бидат трајно преземени на работно место на исто ниво, односно на работно место за кое ги исполнуваат општите и посебните услови пропишани во Правилникот за систематизација на работните места на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Комисијата работи на доизработка на интерните акти кои потесно ги уредуваат внатрешните процеси, но и стратешките документи кои ги поставуваат темелите за идното петгодишно работење. Во моментов, во завршна фаза на изработка се подзаконски акти за работењето на Комисијата и тоа, внатрешни акти кои произлегуваат како обврска од Законот за заштита на лични податоци, Акт за анонимизирање на предметите, Акт за службени легитимации, внатрешни акти кои ја регулираат работата на волонтерите, Акт за квартално информирање на јавноста. Дополнително, со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, започнати се и активности за креирање на подзаконски акт за регулирање на постапката за префрлање на товар на докажување.

Со цел, распознавање на трендовите во општеството, застапеноста на формите на дискриминација и областите во кои истата најмногу се врши, како и со цел, подетална и фокусирана акција за спречување и заштита од дискриминација, од фундаментална важност за КСЗД е постоењето на база на податоци, од која Комисијата би ги црпела потребните документи. За таа намена, во текот на 2022 година, со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Комисијата доби софтвер за интерна употреба, за евиденција на статистички податоци, кој што овозможува собирање, сортирање и статистичка анализа на податоците според одредени параметри.

Дополнително податоците ќе бидат ажурирани во реално време на веб-страната на Комисијата, а со цел, секој заинтересиран граѓанин да има можност да направи свои анализи преку вкрстување на податоците во дата базата. Исто така, во јануари 2022 година, во употреба пуштена веб-страната на Комисијата, а истата овозможува транспарентност на работата во насока на објавување на интерните акти, донесените мислења и информации за тековната работа и активности. Дополнително, веб-страната овозможува на граѓаните да поднесат претставка по електронски пат. Во јануари Комисијата доби и софтвер за електронско архивирање.

### Седници на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација

Во периодот јануари-март 2022 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одржа вкупно 7 седници. Седниците се однесуваа на дискусија и усвојувања на мислења, разгледување на стратешки документи и партнерства и договарања за идни активности. Покрај седниците, членовите на Комисијата секојдневно одржуваат состаноци за тековните постапки по предметното работење.

### Постапување по претставки, давање на мислења и препораки за конкретни случаи на дискриминација

Една од основните надлежности на Комисијата за заштита од дискриминација е да постапува по претставки, како и да носи мислења и препораки. Согласно член 21 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата има надлежност да постапува по претставки, да дава мислења и препораки по истите. Покрај тоа, Комисијата е должна, на подносителите на претставки да им дава информации за правата, како и совети за покренување на судска или друга постапка за заштита.

Во првиот квартал од 2022 година, КСЗД постапила по вкупно 95 претставки. Од нив, 1 претставка била поднесена во 2019 година, до укинатата поранешна Комисија и за истата КСЗД ја продолжила постапката согласно чл. 47 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, додека 37 биле доставени во 2021 година. Од 1 јануари до 31 март 2022 г. до Комисијата се доставени вкупно 57 претставки. (Графикон 1).




*Графикон 1*

Доколку се направи споредба на бројот на претставки поднесени во првиот квартал во 2021 г. и првиот квартал во 2022 г. се доаѓа до состојбата на Графикон 2. Тука важно е да се напомене

дека првиот квартал во 2021 година, претставуваше период на конституирање на КСЗД, па оваа огромна разлика во бројот на поднесени претставки е разбирлив и очекуван. Истовремено, истото илустрира дека новата Комисија успешно се етаблира во тело со своја конкретна и препознатлива улога во македонското демократско општество.




*Графикон 2*

Ова уште појасно може да се согледа доколку се разгледа бројот на претставки според кварталите на поднесување во периодот 2021-2022 година (Графикон 3).




*Графикон 3*

Од вкупно 57 претставки поднесени до КСЗД во првото тримесечје на 2022 година, 30 биле иницирани од физички лица (52,63%), 23 од правни лица (40,35%), 3 претставки (5,26%) се постапки иницирани од страна на Комисијата по службена должност, додека 1 претставка (1,75%) била поднесена групно од страна на двајца или повеќе граѓани (Графикон 4).




*Графикон 4*

Во однос на местото на живеење на подносителите-физички лица, односно седиштето на подносителите-правни лица, најголем број претставки биле поднесени од Скопје (Табела 1).

| **Општина** | **Број на претставки** |
|---|---|
| Скопје | 22 |
| Битола | 4 |
| Велес | 1 |
| Гевгелија | 1 |
| Гостивар | 1 |
| Кавадарци | 1 |
| Куманово | 1 |
| Неготино | 1 |
| Струга | 1 |
| Белгија | 1 |
| Нема податок | 23 |

*Табела 1*

Од 30 претставки кои биле поднесени од страна на физички лица, 13 (или 43,33%) биле поднесени од жени, 12 (односно 40%) од мажи, додека за 5 претставки (16,67%) подносителите на доставиле податок за нивната припадност по пол. Процентуалниот соодност е прикажан на Графикон 5.




*Графикон 5*

Во однос на националната припадност на подносителите – физички лица, 4 биле поднесени од припадници на македонската, 2 од албанската, а по 1 претставка се регистрира од припадници на српската, хрватската и грчката национална припадност. Важно е да се нагласи дека дури 21 од подносителите не оставиле податок за нивната национална припадност (Графикон 6).




*Графикон 6*

## Постапување на Комисијата по поднесените претставки

Во првиот квартал во 2022 година, Комисијата утврдила дискриминација во вкупно 26 претставки (Графикон 7). За 10 претставки била донесена одлука за неутврдување на дискриминација, 8 биле отфрлени поради ненадлежност, застареност или неуредност на поднесокот, а за 2 претставки бил донесен заклучок за неповедување, непостапување или запирање на постапката согласно член 27 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. За 49 претставки постапката е во тек.




*Графикон 7*

### Области на дискриминација

Во однос на областите на дискриминација, најчеста е областа на јавно информирање и медиуми (Графикон 8). Дури 50% од случаите на дискриминација (вкупно 13 претставки) кои биле утврдени во првиот квартал во 2022 година, биле од оваа област. Потоа следат областите на работа и работни односи (5 претставки), пристапот до добра и услуги (4 претставки), образование (3 претставки) и спорт (1 претставка).




*Графикон 8*

Доколку се разгледаат случаите на дискриминација во областа на јавното информирање и медиуми, се констатира дека најголемиот број од нив се одвиваат на социјалните мрежи, претежно на социјалната мрежа „Фејсбук“, преку објавување на дискриминаторски содржини кои предизвикуваат вознемирување или повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација (Графикон 9).




*Графикон 9*

## Видови на дискриминација

Во однос на видовите на дискриминација, често се евидентира состојба во која во еден случај истовремено се присутни повеќе видови на дискриминација. Така, во еден случај било утврдено дека истовремено била извршена директна дискриминација, сегрегација и повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација. Во друг случај се утврдила индиректна дискриминација и сегрегација, а во еден случај била утврдена директна и индиректна дискриминација. Преглед на видовите на дискриминација во утврдените случаи е даден во Табела 2.

| Видови на дискриминација | Број на случаи |
|---|---|
| Вознемирување | 10 |
| Вознемирување (во вид на повеќекратна дискриминација) и Повикување, поттикнување и инструкција на дискриминација | 1 |
| Вознемирување (во вид на продолжена и повеќекратна дискриминација) | 3 |
| Вознемирување (во вид на продолжена дискриминација) | 1 |
| Вознемирување и Повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација | 1 |
| Директна дискриминација | 3 |
| Директна дискриминација (во вид на продолжена дискриминација) | 3 |
| Директна дискриминација (во вид на повторена и продолжена дискриминација) и Индиректна дискриминација | 1 |
| Индиректна дискриминација и Сегрегација | 1 |
| Повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација | 1 |
| Сегрегација, Директна дискриминација (во вид на продолжена дискриминација) и Повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација | 1 |

*Табела 2*

Доколку податоците се прикажат за секој вид на дискриминација одделно, независно дали во утврдените случаи тој се јавува како единствен вид или се јавува истовремено со други видови на дискриминација тогаш се добива слика која е прикажана на Графиконот 10. Оттука може да се заклучи дека во првиот квартал во 2022 година, вознемирувањето претставувало најчестиот

вид на дискриминација, потврдено во вкупно 16 случаи. Потоа следи директната дискриминација во 8 случаи. Повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација било потврдено во 3 случаи, индиректната дискриминација во 2 и сегрегацијата во 2 случаи.




*Графикон 10*

Во првиот квартал од 2022 година, Комисијата утврдила продолжена дискриминација во вкупно 9 случаи, повеќекратна дискриминација во 4 и повторена дискриминација во 1 случај.

## Основи на дискриминација

Исто како кај видовите, во утврдените случаи многу често се евидентира дека била сторена дискриминација на повеќе основи. Така, во девет случаи КСЗД има утврдено дискриминација врз пет основи, од кои, во седум случаи врз основа на пол, припадност на маргинализирана група, сексуална ориентација, родов идентитет и лично својство и општествен статус, во еден случај врз основа на национална или етничка припадност, припадност на маргинализирана група, социјално потекло и имотен статус и во еден случај врз основа на пол, род, припадност на маргинализирана група, семејна или брачна состојба и сексуална ориентација. Всушност, многу ретки се случаите во кои дискриминација била утврдена врз една основа (Табела 3).

| Основи на дискриминација | Број на случаи |
| --- | --- |
| Пол, припадност на маргинализирана група, сексуална ориентација, родов идентитет и лично својство и општествен статус | 7 |
| Национална или етничка припадност и религија или верско уверување | 2 |
| Политичко уверување | 2 |
| Попреченост и припадност на маргинализирана група | 2 |
| Лично својство и општествен статус | 1 |
| Лично својство и општествен статус и возраст | 1 |
| Национална или етничка припадност | 1 |
| Национална или етничка припадност, припадност на маргинализирана група, социјално потекло и имотен статус | 1 |
| Образование | 1 |
| Пол, род и сексуална ориентација | 1 |

| | |
|---|---|
| Пол, род, припадност на маргинализирана група, семејна или брачна состојба и сексуална ориентација | 1 |
| Политичко уверување и национална или етничка припадност | 1 |
| Попреченост и здравствена состојба | 1 |
| Попреченост | 1 |
| Социјално потекло и лично својство и општествен статус | 1 |
| Род и припадност на маргинализирана група | 1 |
| Родов идентитет и припадност на маргинализирана група | 1 |

*Табела 3*

Доколку податоците се прикажат за секоја основа на дискриминација одделно, независно дали во утврдените случаи таа се јавува како единствена или се јавува истовремено со други основи на дискриминација, тогаш се добива слика која е прикажана на Графиконот 11. Оттука може да се заклучи дека во првиот квартал во 2022 година, припадноста на маргинализирана група била најчестата основа за дискриминација во вкупно 13 случаи. Потоа следи личното својство и општествен статус во 10 случаи, сексуална ориентација во 9, пол во 9, родовиот идентитет во 8 итн.




## Постапки по службена должност

**На 3 февруари 2022 година**, согласно член 21 став 1 точка 15 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, КСЗД поведе постапка за заштита од дискриминација по службена должност за сегрегација на ученик/чка во основно образование. Ученикот/чката не го почнала

второто полугодие во своето одделение поради бојкот на родителите на учениците од паралелката, бидејќи ученик/чката има Даунов синдром. Постапката е започната по службена должност, откако на социјалните мрежи се проширија информациите дека ученикот/чката останал/а сам/а во училишните клупи, бидејќи останатите ученици ја бојкотирале наставата, откако нивните родители испратиле петиција во која навеле дека донеле одлука да не ги пуштаат своите деца на настава. Комисијата изврши увид во училиштето, каде констатира дека веќе се остварени контакти со градоначалникот на Општината и директорот на училиштето. На оваа средба, Комисијата доби сознанија дека родителите на ученик/чката одлучиле во второ одделение – учебна 2019/2020, да го запишат детето во редовна инклузивна настава. Дополнително, во текот на средбата, Комисијата утврди дека уште во второ одделение, поради реакции на родителите на другите деца, ученикот/чката со посебни образовни потреби ротирала во три паралелки со различни учителки, наводно како решение да се намали отпорот на родителите кон присуството на ученикот/чката во редовната настава, за што претставниците на училиштето тврдеа дека имале согласност и од родителите на ученикот/чката. Директорот на училиштето, изјави дека кога стапил на функција, затекнал дека ученикот/чка ротира во три паралелки, но покажал разбирање за барањата на родителите ротацијата да престане и да посетува настава само во една паралелка. Тој истакна дека заради ученикот/чката, во училиштето вработиле и дефектолог и обезбедиле образовен асистент, па дури и самиот ја предложил својата канцеларија да биде просторија каде ученикот/чката заедно со образовната асистентка ќе го поминуваат времето кога ќе биде вознемирен/а и агресивен/на. Директорот посочи дека организирал состанок со незадоволните родители на другите ученици од паралелката кои барале отстранување на ученикот/чката од истата и најавиле дека нема да ги праќаат децата на настава додека не се реши тоа. Иако ги молел да не потпишуваат Петиција, според неговите наводи, тие се самоорганизирале и ја бојкотирале наставата на 1 и 2 декември 2021 година. На 3 декември 2021 г. тој закажал состанок со родителите во присуство на координаторката за полошкиот регион каде се договориле, во присуство на мајката на ученикот/чката за делумна ротација на ученикот/чката, за што родители не се согласиле. Според директорот, родителите на ученикот/чката дале дозвола штом детето ќе се вознемири, времено да оди во друга просторија со својата образовна асистентка, ја виделе слободната просторија и дале согласност истата да се користи како преодно решение до завршувањето на првото полугодие. Комисијата утврди сегрегација и исклучување**,** врз основа на попреченост извршена од страна на училиштето, кон ученикот/чкат, сторена со неоправдано и нелегитимно физичко одделување на ученикот/чката од останатите ученици во посебна просторија**,** во изолација од учениците без попреченост, по основ на неговите/нејзините посебни образовни потреби, што резултирало со исклучување, односно со оневозможување на негово/нејзиното право на пристап до образовниот процес. Комисијата утврди и директна продолжена дискриминација од страна на училиштето, извршена со неприспособување на училишната инфраструктура, во смисла на обезбедување на ресурсно-сензорна просторија, опремена со соодветна асистивна технологија, што резултирало со оневозможување на пристап до образование врз еднаква основа со другите по основ на попреченост и посебни образовни потреби на ученикот/чката. Комисијата во овој случај утврди и повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација врз основа на попреченост и здравствена состојба извршена од страна на единаесет родителки на соученици на дискриминираниот/аната. Согласно член 27 став 2, по утврдената дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација даде препораки за отстранување на дискриминацијата.

**Во февруари 2022 година,** Комисијата за спречување и заштита од дискриминација постапувајќи по службена должност во согласност со членот 23 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација иницираше постапка против Државен здравствен и санитарен инспекторат, а во поглед на нивната објава во медиумите дека Државниот здравствен и санитарен инспекторат (ДСЗИ) на нивната веб-страница јавно ќе ги објавува имињата, презимињата и адресите на новозаразените со КОВИД 19. Претставници од двете институции одржаа средба и ДСЗИ посочија дека системот за процесирање и достава на решенијата за изолација е обемен и застарен, а тоа создава многу проблеми во пракса. Ситуацијата станала дополнително комплицирана со новиот зголемен бран на новозаразени и скратувањето на роковите за изолација. Претставниците на ДСЗИ посочија дека веќе се разгледани најголемиот број на опции за поефикасно доставување на решенијата и дека во соработка со ИТ компанија дискутиран е нов електронски систем на доставување на решенијата за изолација. На крајот на средбата двете институции заклучија дека ќе бидат во постојана комуникација со цел, спречување на евентуална дискриминација со примена на овој начин на објава и достава на решенијата за изолација. Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не утврди дискриминација врз основ на здравствена состојба во областа на заштита на лични податоци во здравствената заштита од страна на Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

**Во февруари 2022 година**, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во согласност со член 21 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, поведе постапка за заштита од дискриминација на верската групата „Лев Тахор". Предметот се води по основ на потекло, религиско и верско уверување во областа на пристапот до добра и услуги. Со оглед на тоа што се работи за повеќекратни основи, овој случај се води според член 13 од ЗСЗД, како потежок облик на дискриминација.

КСЗД направи увид и оствари средба со претставник на групата „Лев Тахор" и утврди неколку прекршувања на Законот за спречување и заштита од дискриминација од страна на службени и правни лица од нашата држава. КСЗД испрати барање за изјаснување до потенцијалните дискриминатори и со тоа, товарот за докажување го префрли кон овие лица. Во случај потенцијалните дискриминатори да не го докажат спротивното, КСЗД ќе утврди дискриминација и доколку не биде постапено по препораките ќе поведе прекршочна постапка пред надлежен суд.

КСЗД ги следеше и известувањата на медиумите, како и излагањата на невладините организации по повод настаните во Куманово, а по извршениот увид, констатираше дека првенствено немало физички напад од граѓаните кон групата, туку лажна информација била проширена од страна на медиумите. Врз основа на претходно наведеното, КСЗД ги даде следните препораки.

- Одредени медиуми пред да пласираат вест да направат сопствено истражување, со што ќе спречат ширење лажни вести за природата на групата и за случувањата во Куманово. Со непроверените информации нанесуваат дополнителна штета на групата, погрешно ја информираат јавноста и ги зацврстуваат дискриминаторските практики во нашето општество.

- Медиумите кои се интересираат за темата да се насочат кон истражување на делата на потенцијалните дискриминатори и со тоа да го преместат фокусот кон оние кои дискриминираат.
- Претставниците на невладините организации кои го следат случајот, да бидат свесни за сензитивноста на ситуацијата и да не реагираат врз основа на пласираните лажни информации. Со таквото однесување само ги зацврстуваат стереотипите и предрасудите помеѓу граѓаните.
- Граѓаните да не реагираат на предрасудите и стереотипите пласирани од средствата за информирање со што несвесно ги прекршуваат законите и со тоа подлежат на прекршочни и кривични постапки.
- Со оглед на тоа што од увидот утврдивме потенцијални дела од омраза кои се предмет на кривично правна регулација, препорачуваме Основното јавно обвинителство да отвори постапка по овој случај.

КСЗД го следи случајот и ќе ја информира јавноста за исходот од постапката.

**Во март 2022 година,** Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди продолжена дискриминација по основа на попреченост и маргинализирана група во област пристап до добра и услуги за предмет поведен по службена должност, откако на лице со физичка попреченост кое користи асистивна помош од куче-придружник, им бил забранет влез во автобус на ЈСП „Скопје“ Скопје. Имено, постапката по службена должност беше иницирана по објавите на повеќе медиуми дека на лицето А.В. му било оневозможено користење на јавен превоз во автобусот на ЈСП „Скопје“ затоа што бил придружуван од неговото сервисно куче, што претставува дискриминација согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Комисијата одлучи да го посети лицето А.В. на работното место и да земе изјава од него. А.В. ја потврди информацијата дека возачот не му дозволил да влезе во автобусот во присуство на сервисното куче, со забелешка дека кучето немало заштитна маска, за што реагирале другите патници. Членовите на Комисијата со дозвола на А.В. направија неколку фотографии со сервисното куче како потврда дека кучето постојано носи заштитен појас на кој пишува **service dog**. А.В. информираше дека истиот ден телефонски го контактирала раководител/ка на одделението за превоз на патници со попреченост во ЈСП и му понудиле да испрати комбе за превоз на лица со попреченост, но тој ја одбил.

Веднаш по средбата со А.В. Комисијата изврши и ненајавен увид во просториите на ЈСП „Скопје“, каде се сретна со в.д. директор и заменикот. Тие информираа дека пропратно биле известени за случајот, по што побарале писмени изјави од возачот на автобусот и дежурниот диспечер. Копии од изјавите беа доставени до членовите на Комисијата, а од истите може да се заклучи дека се целосно контрадикторни. Возачот изјавил дека на постојката кај Градска болница, околу 10 часот, во автобусот влегол патник во инвалидска количка без маска придружуван од големо куче без заштитна маска, по што тој веднаш се јавил во диспечерскиот центар за да добие дозвола дали да го дозволи нивниот превоз, на што добил одговор дека доколку кучето нема маска, патникот треба веднаш да биде симнат. Дежурниот диспечер пак дава поинаква изјава. Тој пишува дека е дозволен превоз на лице со попреченост во придружба на куче, само доколку кучето е обележано како асистент и доколку носи заштитна маска. Иако возачот му предочил дека имало реакции од другите патници, тој му дозволил да го превезе патникот до неговата дестинација. Комисијата побара од раководителите на ЈСП да им ја покажат Одлука со која на

лицата со попреченост им се дозволува да ги користат услугите на ова јавно претпријатие во присуство на нивните кучиња-придружници од 2019 година, по што добија одговор дека истата не можеле да ја најдат во архивата, со претпоставка дека била усно донесена.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека со оневозможувањето на А.В. во повеќе наврати да користи јавен превоз во придружба на своето куче-асистент, кое постојано носи обележје дека е куче-помошник дресирано за пружање асистивна помош на лице со попреченост, ЈСП „Скопје“ ги нарушило уставните, законските и меѓународните принципи што го гарантираат правото на еднаквост на лицата со попреченост, што претставува директна продолжена дискриминација, по основ на попреченост во областа пристап до добра и услуги. Комисијата во мислењето даде препораки за отстранување на дискриминацијата.

## СОРАБОТКА СО ОРГАНИ НАДЛЕЖНИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ЕДНАКВОСТА И ЗАШТИТАТА НА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА ЛОКАЛНО, НАЦИОНАЛНО И МЕЃУНАРОДНО НИВО

### Меморандуми за соработка

**Во февруари 2022 година**, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација потпиша Меморандум за соработка со граѓанската организација Македонски центар за Меѓународна соработка кој декларира интерес на двете страни да обезбедат заеднички придонес кон зајакнување на улогата на КСЗД во почитувањето на правата на граѓаните кои се третирани нееднакво, преку спроведување на проектот “Комисија за спречување и заштита од дискриминација ја извршува својата превентивна и заштитна улога“, финансиран од Европска Унија во период од 1 јануари 2022 г. до 31 декември 2023. Соработката меѓу КСЗД и МЦМС вклучува размена на податоци, учество на состаноци, работилници, обуки, студиски посети, тркалезни маси, конференции, подготовка на извештаи и други форми на соработка кои ќе бидат договорени меѓу страните, а ќе произлезат од актуелните проектни потреби. Во рамките на проектот „Комисијата за антидискриминација ја извршува својата превентивна и заштитна улога“, финансиран од Европската Унија ќе се подготвува и Барометар за човекови права и антидискриминација.

Со потпишувањето на овој Меморандум за соработка, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја продолжува соработката со граѓанските организации во земјава, откако претходно, меморандуми за соработка беа потпишани и со ФФМ, Полио Плус, Македонското здружение на млади правници и Институтот за човекови права. КСЗД преку меморандуми за соработка ја официјализираше и соработката со Британската амбасада, ОБСЕ, како и Агенцијата за заштита на лични податоци.

**Во март 2022 година**, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и Канцеларијата на Високиот комесар за бегалци при ООН (УНХЦР), потпишаа Меморандум за соработка со кој ќе го зајакнуваат нивното стратешко партнерство. Двете организации ќе продолжат да ги поддржуваат правата на лицата под мандат на УНХЦР во земјата, преку партнерство во заштитата, комуникацијата, доближувањето до заедницата, како и во трансформирањето на

наративот за барателите на азил, бегалците, лицата под супсидијарна заштита и лицата под ризик без државјанство. КСЗД се обврзува да реагира во случаи на дискриминација извршена врз овие лица и ќе се фокусира на унапредување на еднаквиот третман на сите поединци.

КСЗД и УНХЦР ќе работат на зголемување на свеста за состојбата на заштита на потенцијалните случаи на дискриминација врз лицата под мандат на УНХЦР во земјава. Меморандумот го потпишаа претседателот на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Кире Василев и претставничката на Канцеларијата на УНХЦР во Северна Македонија, Моника Сандри.

**Во март 2022 година,** Претседателот на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација Кире Василев и министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски, потпишаа Меморандум за соработка. Примарна цел на Меморандумот е воспоставување и регулирање на соработката меѓу двете институции, преку обезбедување на потребни податоци со кои располага и ги обработува Министерството за внатрешни работи, а во насока на обезбедување заеднички придонес кон зајакнување на улогата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во почитувањето на правата на граѓаните кои се третирани нееднакво. Преку овој документ за меѓусебна соработка – двете институции, МВР и КСЗД, се креира рамка во која ќе се развива меѓусебното партнерство во повеќе сегменти, пред се во делот на квалитетна и ефикасна размена на информации, податоци, искуства, знаења, едукација и обука, како и остварување на други видови на соработка согласно законски утврдената надлежност на двете институции. Во оперативна смисла, покрај конкретизирање на размената на информации и податоци, со Меморандумот за соработка се предвидуваат низа различни форми на заедничко делување – како заеднички настани (учество на состаноци, работни групи, предавања, дискусии, работилници, обуки, тркалезни маси, конференции), заедничко подготвување на извештајни анализи и други форми на соработка во кои се остава простор и за надворешно експертско ангажирање, се со цел квалитетно функционирање на Комисијата во делот на надлежности каде што е потребна и партиципација на МВР.

**Во март 2022 година,** Комисијата за спречување и заштита од дискриминација потпиша Меморандум за соработка со Советот на етика на медиумите, со кој се обврзуваат заеднички да дејствуваат и соработуваат во интерес на промоција на еднаквоста и борбата против сите форми на дискриминација. Целта е преку взаемна соработка да се подигне свеста на граѓаните за штетните последици од дискриминацијата и вознемирувачкиот говор во јавната сфера, но и промовирање на независно, професионално и етичко известување во медиумите, ослободено од дискриминаторски говор и предрасуди, вознемирувачки говор, како и говор кој провоцира или поттикнува дискриминација.

Заеднички ќе се иницираат и поттикнуваат едукативни активности, со цел да се подигне знаењето и разбирањето на новинарите и медиумските работници за препознавање на дискриминација и нејзините последици, како и начините на нејзино спречување, но и ќе развиваат облици на поддршка и заштита на новинарите и медиумските претставници кон кои е насочен вознемирувачки говор и дискриминација.

## Соработка и состаноци со релевантни институции, граѓански и меѓународни организации

### Средби и состаноци

**Во јануари 2022 година,** Комисијата за спречување и заштита од дискриминација оствари средба со Претседателот на државата Стево Пендаровски кој изрази поддршка за институционалната независност на Комисијата. На средбата, Претседателот на државата ги поздрави напорите на КСЗД за подигање на јавната свест, информирање и едукација на граѓаните за видовите на дискриминација со кои се соочуваат.

Претседателот и членовите на Комисијата го информираа Претседателот на државата за предизвиците во работата и формирањето на институцијата, како и за постигнатите резултати во првата година од функционирањето. На средбата беше презентирана работата на Комисијата, досегашното постапување по поднесени претставки, како и активностите за промоција на човековите права и елиминирање на сите видови дискриминација. Претставниците на Комисијата и Претседателот Пендаровски договорија продлабочување на соработката меѓу двете институции во насока на промоција на активностите за сузбивање и борба против дискриминација.

**Во јануари 2022 година,** Италијанскиот амбасадор во Скопје, Н.Е. Андреа Силвестри ги посети канцелариите на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. На средбата, членовите на Комисијата го запознаа со нивната досегашна работа и идните планови. Н.Е. Силвестри и членовите на КСЗД разговараа за бројот на претставки по кои е постапувано во првата година од работата на Комисијата, како и за главните области поврзани до дискриминацијата. Исто така, на амбасадорот му беше презентиран и системот за управување со предметите, како и можноста за следење на аналитиката од поднесените и решени претставки, достапна на веб-страницата Комисијата.

**Во февруари 2022 година,** Комисијата одржа средба со Народниот правобранител и на истата се разговараше за начелни правци на идна соработка помеѓу Комисијата и Народниот правобранител.

**Во февруари 2022 година**, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, како дел од проект "ЕУ поддршка за владеење на правото во Република Северна Македонија, компонента 4", одржа состанок со експертот за дискриминација Билјана Котевска. На состанокот се дефинираа идни активности, со кои експертот ќе може да и даде поддршка на стручната служба и членовите на Комисијата. Оваа активност претставува воспоставена соработка во 2021 година, како дел од проектот "ЕУ поддршка за владеење на правото во Република Северна Македонија компонента 4", соработка која само ќе се интензивира во 2022 година.

**На 1 март 2022 година**, Комисијата имаше состанок претставници од Холандската Амбасада на тема дефинирање на идна соработка. На состанокот се одлучи експерт од странство да одржи две обуки за на тема "Инклузија на пазарот на труд на лицата со попреченост" и втората обука на тема "Зајакнување на внатрешните капацитети и комуникација во КСЗД".

**На 2 март 2022 година**, Комисијата одржа состанок со претставници од ЕУ делегацијата. На состанокот се разговараше за тековна ЕУ помош, се разговараше за посета на амбасадорот Дејвид Гир во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и др.

**На 16 март 2022 година**, Комисијата одржа состанок со експертот Билјана Котеска за завршување на поднесокот со придонесот за Европската директива во поглед на утврдување на задолжително стандарди на телата за еднаквост.

**На 21 март 2022 година**, Комисијата одржа состанок со лидерот на компонента 4 , "ЕУ поддршка за владеење на правото во Република Северна Македонија", Дитер Шиндлауер на кој се утврдија датумите за идните заеднички активности на КСЗД и компонента 4. Преку проектот "ЕУ поддршка за владеење на правото во Република Северна Македонија, компонента 4", ќе се одржат 5 тренинзи за членовите и службата во Комисијата со цел јакнење на капацитетите на комисијата.

## Проекти

***"Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја извршува својата превентивна и заштитна улога"***

Во текот на 2022 г. Комисијата за спречување и заштита од дискриминација со потпишување на Меморандум за соработка со МЦМС, започна со реализација на проектот "Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја извршува својата превентивна и заштитна улога", финансиран од Европска Унија во период од 1 јануари 2022 г. до 31 декември 2023 г.

Во рамките на проектот "Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја извршува својата превентивна и заштитна улога", реализирана е една од активностите, односно спроведен е прашалник за мапирање на потребите од обуки на членовите и вработените во КСЗД. На 14 март 2022 година, одржан е и состанок со претставници од МЦМС за презентација на добиените резултати од спроведениот прашалник и дефинирање на приоритетни обуки за јакнење на капацитетите на Комисијата и на вработените во Комисијата. Од добиените податоци од спроведената анкета и одржаниот состанок, од страна на МЦМС е изработен и доставен до Комисијата извештај од мапирањето на потребите за обуки на Комисијата во којшто се опфатени препораките за теми за обуки и Заклучок од извештајот.

Со цел промоција на Комисијата, во склоп на проектот изработени се промотивни материјали за Комисијата како што се папки, пенкала, нотеси, банер и торби.

***„Борба против дискриминација преку основање на Комисија за спречување и заштита од дискриминација„***

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, во 2022 година, ја продолжи и воспоставената соработка со Британската амбасада во Скопје во организација на Центарот за управување со промени (ЦУП) со имплементација на проектот насловен "Борба против дискриминација преку основање на Комисија за спречување и заштита од дискриминација". Во

рамките на овој проект, од 9 до 11 март 2022 г. во Охрид, Центарот за управување со промени организираше работилница за Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на која правни експерти помогнаа да се изготват внатрешните акти на КСЗД неопходни за ефикасно функционирање и работење на Комисијата. Предмет на дискусија беше усогласувањето на Законот за заштита на лични податоци. Во моментов во завршна фаза на изработка се подзаконски акти за работењето на Комисијата и тоа внатрешни акти кои произлегуваат како обврска од Законот за заштита на лични податоци, Акт за анонимизирање на предметите, Акт за службени легитимации, Внатрешни акти кои ја регулираат работата на волонтерите, Акт за квартално информирање на јавноста.

Во рамките на овој проект, со поддршка и организација на ЦУП, на 15 март 2022 г. во хотел Холидеј ин, беше организирана конференција за презентирање на Годишниот извештај за работата на Комисијата за 2021 година, кој согласно член 21 од Законот за спречување од заштита од дискриминација Комисијата го подготвува и поднесува на разгледување до Собрание на Република Северна Македонија, најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година.

### Соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја продолжи соработката со Мисијата на ОБСЕ во Скопје и во 2022година, со чија помош се реализираа различни активности кои се од големо значење за јакнење на капацитетите на Комисијата. Со поддршка на Мисијата на ОБСЕ, во јануари 2022 година, пуштена е во употреба веб-страната на Комисијата, а истата овозможува транспарентност на работата во насока на објавување на интерните акти, донесените мислења и информации за тековното работење и активности. Дополнително, веб-страната овозможува на граѓаните да поднесат претставка по електронски пат. Целата постапка е замислена да биде лесна, едноставна и достапна за сите категории на граѓани. Исто така, со поддршка на Мисијата во Скопје, во јануари Комисијата доби електронски софтвер за предмети и софтвер за електронско архивирање. Електронскиот софтвер е наменет за интерна употреба, за евиденција на статистички податоци, кој што овозможува собирање, сортирање и статистичка анализа на податоците според одредени параметри

Мисијата на ОБСЕ во Скопје ќе и даде поддршка на Комисијата во развивањето на промотивни и теренски материјали, овозможувајќи и на Комисијата да биде повидлива во јавноста и со тоа, поефективна. Исто така, Мисијата ќе и помогне на Комисијата во развивањето на стратешко планирање и изработка на стратешки документи, особено Прирачник за префрлање на товарот на докажување во постапка пред Комисијата. Дополнително, Мисијата ќе ја поддржи Комисијата во организација на 6-тата регионална конференција на телата за еднаквост што ќе биде организирана во септември во Скопје и на која ќе присуствуваат телата за еднаквост од југоисточна Европа. Последно, но не и најмалку важно, со цел подобро и покохезивно функционирање, Мисијата ќе ја поддржи Комисијата во организација на тим билдинг настан.

### Соработка со граѓански организации

Во изминатиот период беше значително подобрена соработката на Комисијата со граѓанските организации, кои се исклучително важни партнери во борбата против дискриминацијата. Комисијата има развиено разни форми на соработка со голем број на организации како, учество на состаноци и конференции, соработка во однос на претставки итн. Во овој квартал одржани се неколку средби со претставници на граѓански организации и тоа:

**На 25 февруари 2022 година,** Член на Комисија се јави како говорник на промоција на истражување "Вовед во студентска дискриминација", во организација на МОФ.

**На 16 март 2022 година,** член на Комисијата се јави како говорник на Конференција насловена "Со соработка и партнерство до квалитетни политики и практики за спречување и заштита од дискриминација", организирана од Мрежа за заштита од дискриминација.

**На 22 март 2022 година**, Комисијата одржа состанок со Мрежата за заштита од дискриминација за дефинирање на датум и агенда за напредна обука во областа на решавање на случаи на дискриминација.

### Учество на настани, обуки, конференции

Член на Комисијата учествуваше на Јавна дебата "Етика и интегритет на изборен процес" на која што се дискутираше за вклучување на лицата со попреченост во изборниот процес.

Член на Комисијата учествуваше на Интернационален Биатлон Форум-Скопје 2022 на тема Родова еднаквост на жената во спортот-можности и предизвици.

Двајца од стручната служба присуствуваа на Презентација на Стратегијата за пласирање на визуелни содржини на социјални медиуми спроведена од експерт за социјални медиуми. Презентацијата беше наменета за вработени кои работат односи со јавност, објавување на веб страна и социјални медиуми.

Претседателот на Комисијата учествуваше на промоција на истражување на тема: "Родово-базирана дискриминација и работнички права во Северна Македонија" кој што се спроведе во соработка со Европска унија и Шведската агенција за меѓународен развој, спроведено од Реактор- Истражување во акција.

## ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАКРАКТЕР

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација обезбедува слободен пристап на општите акти од својата надлежност, информации од јавен карактер и други информации кои им овозможуваат на граѓаните да бидат запознаени со работата на Комисијата.

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Комисијата редовно ја води и ја ажурира листата на информации со кои располага и истите ги објавува на начин достапен за јавноста меѓу другото и на својата интернет-страница.

Од 1 јануари до 31 март,  до Комисијата се доставени шест барања за пристап до информации од јавен карактер, на кои согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер е одговорено во законскиот рок од 20 дена од нивниот прием. Едно барање за пристап до информации е сеуште во тек.

Во текот на давањето на информации, Комисијата посвети посебно внимание на заштита на податоците на личностите, согласно Законот за заштита на личните податоци. Странката во постапката пред Комисијата има право на заштита на сите приватни податоци кои што се наведени во предметите.

## ВИДЛИВОСТ НА КСЗД

### Присуство  во медиумите

Комисијата ја информира јавноста за својата работа преку веб-страницата, социјалните мрежи и директна комуникација со медиуми,  што овозможува транспарентност на работата на ова тело.

Во овој период интересот на медиумите за работата на Комисијата значајно беше зголемен. Зголемувањето на бројот на настапи во медиуми, првенствено се должи на многу активности на членовите на Комисијата, но исто така, се должи и на зголемената свест на новинарите за важноста на ова тело.

Членовите на Комисијата во бројни наврати беа присутни на национални и локалните телевизии, преку кои ги промовираа принципите на еднаквост, толеранција и недискриминација. Во тој контекст, значаен е и податокот дека член на Комисијата медиумски настапи во емисијата “Вин- вин“ во ТВ Телма, каде тема беше Годишниот извештај, а се дискутираше  за општата ситуација со дискриминаторските практики во нашето општество.

Член на Комисијата учествуваше во Утрински брифинг на тема работа на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација каде беа промовирани работата и надлежностите на Комисијата, промоција на концептот на еднаквост и толеранција, беше истакнато досегашното искуство од работењето на Комисијата во изминатата година од нејзиното оформување, а воедно и предизвиците со кои се соочува.

Претседателот на Комисијата учествуваше на емисија “Слободен печат“ на која што се дискутираше за работата на Комисијата и за поднесените претставки во Комисијата.

### Соопштенија за јавност

Комисијата ги одбележа и деновите од значење за спречување и заштита од дискриминација, како што се Светскиот ден на лицата со Даунов синдром и Меѓународниот ден за елиминација на расната дискриминација преку соопштенија до сите електронски и печатени медиуми. Во тие соопштенија беше наведена потребата за почитување, толеранција и свесност за проблемите со кои се соочуваат сите дискриминирани личности, кои спаѓаат во тие групи, со што пак се

зголемува свеста на граѓаните за постоењето и сериозноста на тие проблеми, како и потребата од нивно препознавање и решавање.

## БУЏЕТСКА СОСТОЈБА И ЈАВНИ НАБАВКИ

Буџетот на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација за 2022 година, претставува годишен план на расходи на основен буџет.

Буџетот на Комисијата за програма 20 во 2022 година, е проектиран во вкупна вредност од 45.448.270,00 денари, од кои одобрени се само 15.320.000,00 денари. Во првиот квартал планирани се 4.890,000,00 денари од кои реализирани се вкупно 3.415.721,00 денари.

Комисијата, согласно Законот за јавните набавки, во законски утврдениот рок, донесе Годишен план за јавни набавки за 2022 година. Истиот е креиран согласно одобрените средства во Буџетот на Комисијата за 2022 година. Од планираните јавни набавки во првиот квартал отпочнати се и реализирани 2 (две) постапки за јавни набавки, и тоа:

- Јавна набавка на канцелариски материјали со примена на постапка од мала вредност. За оваа јавна набавка е склучен договор со избраниот најповолен економски опретор и истата ќе се реализира како сукцесивна набавка со времетраење од 1 година, односно до исцрупање на предвидените количини и
- Јавна набавка на ИТ Опрема со примена на постапка од мала вредност како деллива набавка од 2 (два) дела. За оваа јавна набавка е склучен договор со избраниот најповолен економски оператор за двата дела од набавката (монитори и десктоп компјутери). До крајот на кварталот за кој се однесува овој извештај, направен е прием на стоката, предмет на договорот за јавна набавка и за истата е подготвена и доставена финансиска документација за подмирување на обврските од склучениот договор.